РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1648/2

15-11-2024 г./v.

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 10-та седница одржана на ден 08.11.2024 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата со број 12-1648/1 од 22.05.2024 година, со наводи против ----------------- на Универзитетот „--------------------------------------„ – ---------------и други службени лица на Универзитетот, **СЕ ОТФРЛА**.

ДКСК оцени дека нема елементи за надлежно постапување согласно одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси од причина што пријавата не содржи јасни и конкретни наводи кои што укажуваат на дејствија на злоупотреба на службената должност и овластување на службени лица.

Предметот со број 12-1648/1 од 22.05.2024 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

На ден 22.05.2024 година, до ДКСК е доставена е пријава со број 12-1648/1 од непознат подносител, во која го искажува својот револт и изнесува наводи за злоупотреба на финансиските средства на Универзитетот „-------------------------------------„ – ------------- од страна на ------------------ и другите службени лица при Универзитетот.

Имено, во пријавата се изнесуваат општи наводи дека од страна на ректори биле проневерени пари на студентите, потоа украдени пари за кои Финансиската полиција водела постапка и не биле вратени, несоодветно користење на работното време на декани и продекани, вршење мобинг на професори. Воедно, подносителот во пријавата искажува

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

општо незадоволство од начинот на кој работи Универзитетот поради можна злоупотреба на финансиските средства.

По разгледување на доставената пријава, ДКСК оцени дека нема елементи за надлежно постапување поради тоа што пријавата не содржи јасни и конкретни наводи кои што укажуваат на дејствија на злоупотреба на службената должност и овластување на службени лица.

Имајќи го предвид горенаведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut

**Претседател**

**Татјана Димитровска**

Изработил: Ф.Ј., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: И.П., раководител на сектор
Одобрил: Б.К.Ш., член на ДКСК